(67)

Република Македонија
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
Број на сертификат:
СТ-16/3-023

Влада на Република Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Бр. 02-7044/2
__.11. 2017 год.

Аминта трети бр.2,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3134 477
Факс: (02) 3134 477
Е-пошта: info@mzsv.gov.mk
Сајт: www.mzsv.gov.mk

ДО
Рурална коалиција, Куманово
Лилјана Јоновски, извршен директор

ПРЕДМЕТ: Произнесување по „Предлози за остварување на стратешки приоритети на Владата на Република Македонија за 2018 година“

ВРСКА: Допис доставен преку Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија бр. 6007/2 од 21.09.2017 година, наш број 02-7044/1 од 22.09.2017 година

Почитувани,

Во врска со „Предлозите за остварување на стратешки приоритети на Владата на Република Македонија за 2018 година“ доставени од ваша страна, во продолжеток се наоѓаат одговорите на вашите коментари и предлози.

(1) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) ја поздравува заинтересираноста на граѓанските организации за процесот на креирање на политиките и воедно потенцираме дека транспарентноста и отвореноста кон заинтересираните страни и корисниците на политиките е еден од клучните принципи на функционирање на министерството. Во таа насока сакаме да ве информираме дека покрај неформалната комуникација, во следниот период ќе се подобри функционалноста на постојаните подсекторски групи воспоставени согласно закон, како одличен инструмент за јавно-приватниот дијалог и зајакнување на вертикалната интеграција.

(2) Предлози и коментари од Анализа бр.1 – Анализа со развиени препораки за улогата и капацитетите на институциите и земјоделските стопанства во градењето на пазарната економија

<u>Констатација бр.1</u> Во насока на обезбедување на поблизок контакт со земјоделците повеќе институции вклучително и МЗШВ во последните години имаат направено напори за отворање на повеќе регионални и локални канцеларии. Министерството во последните три години го зголеми бројот на

подрачните единици од 33 на 42 со отворање на канцеларии во најголемите рурални средини во државата, пред се заради олеснување на процесот на поднесување на барања за финансиска поддршка. Покрај 30-те канцеларии во градовите, Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството во изминатите години има отворено 44 дисперзирани канцеларии во руралните средини.
Дополнително, во план е да се обезбеди пристап до информациите околу статусот на процесуирање на апликациите за финансиска поддршка за вработените во подрачните единици во МЗШВ преку кои земјоделците полесно ќе може да ги добијат истите. Вашите забелешки околу односот на вработените кон земјоделците ќе бидат соодветно проследени до наведените институции.

Констатација бр. 2 Формалната кореподекција со странките е уредена согласно Законот за општа управна постапка и другите закони во кои се дефинирани роковите за постапување по добиен допис и начинот на доставување на одговорите до странките. Известувањата кои се однесуваат на запазување на одредени рокови или се работи за извршни акти задолжително треба да се доставуваат со препорачана пратка на кој начин е исклучена можноста актот да не заврши кај назначеното лице во потребниот рок.
Во насока на подобрување на општото информирање на земјоделците околу спроведувањето на политиките, актуелните состојби со земјоделските пазари (од Земјоделскиот пазарен информативен систем ЗПИС) или за споделување на совети за заштита на имотот и здравјето на растенијата и животните, во следниот период МЗШВ ќе овозможи процедура на испраќање на редовни електронски билтени до е-маил адресите на стопанствата евидентирани во Единствениот регистер на земјоделски стопанства.
Вашите укажувања околу потребата за поажурно, побрзо и поефикасно одговарање на барањата на земјоделците, ќе бидат проследени до наведените институции за информирање и постапување.

Констатација бр. 3 Контролите на самото место како и административните контроли се регулирани со одредбите од Законот за земјоделство и рурален развој. Во насока на нивна тековна реализација е воспоставен Интегриран систем за

администрација и контрола (ИСАК) кој се состои од повеќе меѓусебно поврзани регистри и пропишани процедури за секоја од фазите на спроведувањето на финансиската поддршка. Согласно законот, административната контрола се спроведува на 100% од поднесените барања, додека со контролата на самото место треба да бидат опфатени најмалку 5% од стопанствата кои поднеле барања за директни плаќања, 2% за барањата за плаќања по единица производ од анимално потекло и 5% од барањата за плаќања по единица производ од растително потекло. Примерокот на стопанствата кои ќе бидат предмет на контрола се одредува врз основа на комбинација од анализа на ризик и репрезентативност на поднесените барања (обезбедено со одредување на 20-25% на стопанствата по случаен избор). Ефективност на анализата на ризик се оценува секоја година. Одредбите на законот кој се однесуваат на контролите на самото место се усогласени со европската регулатива на Заедничката земјоделска политика, додека драстичното зголемување на опфатот како што е предложено во дописот е предмет на реални ограничувања од финансиска и административна природа.
Дополнително ви укажуваме дека АФПЗРР редовно постапува во извршување на контроли на самото место по добиени дојави од странки во 100% од случаевите.
Вашите укажувања околу потребата за поажурно, побрзо и поефикасно одговарање на барањата на земјоделците ќе бидат проследени до наведените институции за информирање и постапување.

<u>Констатација бр. 4</u> Согласно став (4) и (5), член 54 од Законот за земјоделство и рурален развој, земјоделското стопанство го задржува правото на директни плаќања на бројот на животни за кои поднел барање доколку во текот на периодот на задолжително чување на животните изврши замена на животните без намалување на нивниот број. Замената треба да се изврши во период од 20 дена од настанот поради кој е неопходно да се изврши замената и истите се внесуваат во Систем за идентификација и регистрација на животни не подоцна од три дена од денот на замената. Земјоделското стопанство ја информира Агенцијата за замената на животните во рок од десет дена од извршената замена.
Со цел избегнување на ситуациите кои ги наведовте за спроведување на контроли од АФПЗРР во периодот на

замената, проблемот може да се надмине доколку земјоделското стопанство при пријавување на штетата или промена на состојбата кај добитокот покрај ветеринарните станици лично, по пошта или електронски пат ја информира АФПЗРР со укажување дека е во тек постапка на замена согласно роковите од законот. Ваквата пракса е редовно применувана од страна на голем број одгледувачи на животни корисници на мерките за финансиска поддршка.
Забелешката за потребата за забрзување на постапката за исплата кај стопанствата кај кои се извршени контроли ќе биде соодветно проследена до АФПЗРР.

<u>Констатација бр. 5</u> Рокот за поднесување на барања за финансиска поддршка и воопшто реализацијата на финансиската поддршка е поврзана со буџетското планирање и донесувањето на годишните програми за финансиска поддршка. Согласно Законот за извршување на буџетот на Република Македонија за 2017 година, буџетските корисници (во случајот МЗШВ) имаат обврска да ги достават програмите во нивна надлежност во утврден рок од 30 дена од денот на објавување на Буџетот. После донесувањето на програмите од страна на Владата, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој започнува со нивната имплементација преку реализација на постапката на поднесување на барања за финансиска поддршка. Оттука од причина што постапките за спроведување на програмите се поврзани со донесување на буџетот на Република Македонија на самиот почеток на годината, рокот за поднесување на барањата неможе да се случи претходно, ниту да се пролонгира подоцна во текот на годината во која е предвидена имплементација на програмите. Со пролонгирањето земјоделците закаснето би ги добиле средствата за кои аплицираат, најголем дел во текот на наредната година.
Во однос на времето потребно за поднесување на барањата за финансиска поддршка кое е овозможено од средината на март до крајот на мај, сметаме дека истото е доволен период за соодветно организирање на земјоделците без тоа да влијание на одвивањето на нивните редовни земјоделски активности.
Во однос на забелешката за исплата на средствата во периодот кога се најпотребни за земјоделците, сакаме да ве информираме дека во програмите за финансиска поддршка за земјоделството е дефиниран крајниот рок за почетокот на

исплата на средствата по мерки и подмерки од оваа програма според распоред кој е усогласен со спецификите на земјоделското производство и потребите за финансирање на истото (т.н. „Календар за субвенции"). Во следниот период Владата, односно Агенцијата за финансиска поддршка ќе се стреми кон целосно почитување на пропишаните рокови.

Констатација бр. 6 Со електронскиот систем на поднесување на барањата за финансика поддршка кој е во функција е овозможено директно аплицирање од страна на самото земјоделско стопанство со што процесот на поднесување на барања за финансиска поддршка е веќе значително е олеснет. Ова се однесува пред се за правните лица и земјоделците кои ја практикуваат информатичката технологија и интернет комуникациите.
Во насока на обезбедување на поширока директна примена на електронското аплицирање се очекува соодветен придонес особено да дадат АПРЗ и земјоделските здруженија преку спроведување на активности за популаризирање на овој тип на аплицирање помеѓу земјоделците. Во меѓувреме вработените во подрачните единици на МЗШВ и АПРЗ остануваат на располагање на земјоделците за демонстрирање на постапката за електронско аплицирање на нивните работни места.

Констатација бр. 7 Регулирањето на пазарот со земјоделски производи е веќе дел од позитивната законска регулатива (Закон за земјоделство и рурален развој, глава IV. Политика за уредување на пазарите со земјоделски производи), додека зајакнување на договорните односи е поддржано со субвенциите за предадени производи во преработувачки капацитети. Со цел доследна примена на законските обврски од страна на откупувачите, земјоделците во случај на нивно прекршување треба да го пријават случајот кај надлежните органи со цел негово расчистување.
Во насока на системско надминување на проблемот за поврзаноста на откупените количини од земјоделците со предадените количини во откупните претпријатија, спроведувањето на мерката задолжително ќе биде проследена со потреба од приложување на договори за откуп на земјоделски производи согласно закон и нивно поврзување со предадените количини во преработувачкиот капацитет. Сепак дали поединечните откупени количини се наменети за

преработка или за извоз е прашање од договорниот однос помеѓу земјоделецот и откупувачот што треба соодветно да биде рефлектирано во задолжителните договори.

Во врска со влијанието на неподмирените финансиски обврски на недобивањето на субвенциите, согласно член 14 и 14-а од Законот за земјоделство и рурален развој корисниците на средствата од програмата за финансиска поддршка во земјоделството и програмата за финансиска поддршка на руралниот развој треба да ги имаат подмирено сите финансиски обврски, но користењето и исплатата на средствата се врши откако ќе се спроведе постапка за подмирување на неплатени, а доспеани финансиски обврски на корисникот на средствата од износот на одобрената финансиската поддршка. Со претходно наведеното не постои ризик за недобивање на субвециите поради неплатени обврски по основ: закупнина за користење на државно земјоделско земјиште, користење на државни пасишта, воден надомест, концесија на рибите за стопански и рекреативен риболов, дивечот во ловиштата на користење и склучени договори за користење на средства од компензациони фондови од странска помош за кои е надлежно министерството.

Во следниот период, во МЗШВ, во функција ќе биде ставен информатички систем за следење на откупот на земјоделските производи кој е во фаза на развивање и преку кој ќе се овозможи прегледност на целосното почитување на законските одредби од страна на откупувачите.

Сугестијата за насочување на финансиската поддршка кон земјоделците на кои земјоделството им е примарна дејност, е планирано да биде соодветно третирана со донесување на новата Национална програма за развој на земјоделството и руралниот развој за периодот 2018-2022 со која е планирано значително зголемување на износот на поддршка за стопанствата со регулиран правен статус согласно Законот за вршење на земјоделска дејност и со најмалку вработен носителот на земјоделското стопанство. Поддршката ќе се зголемува со зголемување на бројот на вработени во земјоделското стопанство, а стопанствата кои ќе бидат предмет на поддршката треба да исполнуваат одредени минимални критериуми за големина.

Препораката за засилени контроли на откупните центри за почитување на законските одредби ќе биде соодветно

пренесено до надлежната инситуција - Државниот инспекторат за земјоделство.

<u>Констатација бр. 8</u> Политиката на консолидација на земјиштето е една од приоритетните политики за следниот период која треба да придонесе кон постепено надминување на структурните причина за слабостите на домашното земјоделско производство. Во периодот после 2015 година министерството ја спроведува втората фаза од националната стратегија за консолидација со која процесот од пилотирање навлегува во поширока имплементација на повеќе консолидациони проекти низ државата, вклучително и од поголем обем и со посериозни инфраструктурни интервенции.

Во однос на предлогот за симнување на нивото на одлучување за доделувањето на земјоделско земјиште во државна сопственост под закуп, ве информираме дека за оправданоста на предлогот ќе бидат направени анализи, а неговата реализација како што е предложено, директно зависи од промената на статусот и функциите на месните заедници што не е во надлежноста на МЗШВ.

<u>Констатација бр. 9</u> Пазарот и трговијата со земјоделски производи во Република Македонија се слободни и регулирани со релевантните законски решенија и меѓународните договори за слободна трговија. Трговијата со земјоделските производи особено со земјите во регионот во рамките на трговските договори со земјите од ЦЕФТА и со ЕУ се одвива целосно слободно без плаќање на царински давачки.
Што се однесува до промените на пазарните цени, диригирано планското производство во услови на пазарна економија е невозможно, додека производните квоти кои се ограничување на производството и се во фаза на целосно отстранување во ЕУ, во наши услови би се однесувале на производите кои се наменети за извоз каде што постојат произведни вишоци, што секако не е логичен приоритет.
Сепак одредени мерки за интервенција на пазарот како приватно складирање и поттикнувањето на потрошувачката на свежи земјоделски производи (исто ваша забелешка од стр 6) е планирано да се применуваат во следниот период. На располагање се и инструментите за заштита на пазарот при сериозни нарушувања со пропишување на дополнителни

увозни давачки. Покрај зголемувањето на субвенциите за компензација на намалените приходи од пазарните движења, во претстојниот период е предвидено да бидат разгледани и други инструменти како што се заедничките фондови идр.

Констатација бр. 10 Било какви основани сомневања за неправилности во работењето на институциите поткрепени со докази треба да се достават до надлежните органи за нивно процесуирање. Агенцијата за финансиска поддршка редовно е предмет на постојани ревизорски проверки од Државниот завод за ревизија, како и од надворешните ревизори во делот на трошењето на ИПАРД средствата.

Констатација бр. 11 Поради важноста на обезбедување на соодветни услови за живот и вршење на економски активности во руралните средини, делот на средствата наменети за руралната инфраструктура има тренд на постојано зголемување кој се планира да продолжи и во следниот период. Невладините организации се корисници на некои од мерките (обуки, дел од проектите имплементирани од ЛАГ-ви, дел од техничките мерки и др) меѓутоа поради обврските за покривање на ДДВ од инвестициите и сериозноста на процедурите за капиталните инвестициите, единствен можен корисник на средствата по оваа мерка се токму општините во чија надлежност е управувањето со овие објекти. На тој начин општините може интегрирано да ја спроведуваат и политиката за рурален развој каде невладините организации треба активно да партиципираат во сите фази.
Во однос на абсорбцијата на ИПАРД средствата, во следниот период ќе се воспостави Земјоделски советодавен систем кој покрај постојната АПРЗ треба да вклучи и обучени приватни советници. Државно-финансираните совети кои ќе бидат пропишани од страна на министерството ќе се обезбедуваат од страна на советник избран од самиот земјоделец, независно дали истиот е од АПРЗ или од приватните советници. Симплификацијата на постапките и документацијата и намалување на времето за процесуирање на барањата за ИПАРД проектите е исто така планирана во следниот период.

(3) Предлози и коментари од Анализа бр. 2 – Законот за земјоделство и рурален развој – основа за развој на конкурентно земјоделство

Ажурирањето на политиките на финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој се врши преку донесување и спроведување на Националната програма за развој на земјоделството и руралниот развој за период од 5 години. Во тек е подготовката на новата програма за периодот после 2018 година. Подготовката на програмата и особено на националната стратегија се резултат на соодветни анализи за влијанието на претходно спроведените политики, моменталната состојба на секторот, потребите за надминување на постојните проблеми и следствено креирање на нови политики, мерки и инструменти или промена на постојните. Во рамките на ваквите анализи, висината на финансиската поддршка се утврдува во насока на постигнување на соодветно ниво на вкупен приход на земјоделците, земајќи го како примарен приходот остварен од продажба на земјоделски производи. Целта е обезбедување на стабилно и поизбалансирано ниво на приходот на земјоделците во однос на нивото на приходот остварен во останатите дејности од економијата и овозможување на одржливост на земјоделското производство. Тековната Национална стратегија за земјоделство и рурален развој до 2020 година вклучува индикатори за секоја од стратешките цели, а систем за мониторинг и проценка на влијанието на стратегијата на годишно ниво е воспоставен во МЗШВ заради редовно годишно репортирање на Владата за спроведување на стратегијата.

Во следниот период е планирано целосно анимирање на потсекторските постојани групи со овозможување на сите нивни функции предвидени во закон и со покривање на оперативните трошоци за нивното функционирање и спроведување на нивните оперативни програми.

Во однос на софтверските решенија од ИСАК (вклучително софтверот за аплицирање), како и од Земјоделскиот информативен систем (вклучително ЗПИС) во тек е подготовка на нови решенија кои треба да овозможат поголема ефикасност и пристап од корисниците.

Мрежата за сметководствени податоци од земјоделски стопанства (Македонски ФАДН) е репрезентативен примерок на стопанства со дефинирана големина и типологија, а не

сметководствен систем кој задолжително треба да имплементиран од страна на сите земјоделски стопанства во државата. Како национален систем согласно закон истиот прописно функционира од 2010 година наваму согласно правни и процедурални пракси кои се скоро во целосна согласност со европските стандарди.

Во иста насока со вашата забелешка за поддршка на воспоставување на нови задруги, согласно тековната национална старатегија предвидено е воведување на нова мерка која предвидува обезбедување на техничка помош за формирање и зајакнување на капацитетите на задругата во период од најмногу 5 години од основањето.

Останатите забелешки од овој дел се веќе елаборирани во претходниот текст од дописот.

Поздрав,

Министер,
Љупчо Николовски

Република Македонија Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство Скопје

Изработил: м-р Перица Иваноски, државен советник
Согласен/Контролирал: м-р Нефрус Челику, државен секретар

Копија до Генерален секретаријат на Влада на Република Македонија – Одделение за соработка со невладини организации